Врз основа на одредбите од член 14 став 1 алинеа 1 од Законот за поштенските услуги ("Службен весник на Република Македонија" бр. 9/2008) и член 13 и 32 од Статутот на Агенцијата за пошти бр.01-28 од 02.04.2008 година, Комисијата како орган на Агенцијата за пошти, на состанокот одржан на ден 05.11.2009 година, ја донесе следната

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**

**ЗА ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ПОШТИ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на Статутот на Агенцијата за пошти бр.01-28 од 02.04.2008 година.

**Член 2**

Во членот 13 став 1 од Статутот, се брише точката 7.

Точките 8,9,10,11 и 12 стануваат точка 7,8,9,10 и 11.

**Член 3**

Оваа Статутарна одлука е конечна и влегува во сила наредниот ден од денот на објавување на огласна табла во седиштето на Агенцијата.

По влегување во сила, Статутарната одлука ќе биде објавена и на веб-страницата на Агенцијата.

**Член 4**

Се задолжува Секторот за правни и општи работи на Агенцијата за пошти, да подготви пречистен текст на Статутот на Агенцијата за пошти.

бр.___________
______________ 2009 година
Скопје

Агенција за пошти
Комисија,
Дејан Бошковски,претседател с.р.